Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 14, став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.53/21) и член 6, став 1 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.21/06), Советот на Општина Свети Николе на **6** седницата одржана на **26.12.2025 година**, донесе

# ПРОГРАМА
# за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2026 година

## I.ВОВЕД

Општина Свети Николе во соработка со Комисија за еднакви можности на мажите и жените при Совет на Општина Свети Николе, здруженија на граѓани кои работат во сферата на еднаквите можности на жените и мажите, локалните совети кои ги има формирано Општина Свети Николе составени од преставници на релевантни институции и жителите (мажи и жени[1]) изработија Нацрт – Програма за еднакви можности за 2026 година, опфаќајќи ги механизмите за унапредување на рамноравноста помеѓу жените и мажите и приоритетни области на делување.

**II. ЦЕЛ на Програмата** е да го промовира принципот за воспоставување на рамноравност помеѓу жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на државата. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорира рамноправноста во локалната политика, да ја унапреди состојбата на жените и мажите на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027 и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Главна задача на Општината** и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и мажите и обезбедување рамноправност помеѓу мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Како задача е и вклучување на концептот на еднаквите можности во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

[1] Под жена се подразбира лице родено со женски биолошки пол, а под маж се подразбира лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивните внатрешни чувства или самоидентификација.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на рамноправност меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

## III. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. Механизмите за унапредување на рамноправноста помеѓу жените и мажите

Развојот на капацитетите на човечките ресурси на локалната администрација, вклучувајќи ја и интерсекторската група, и на членовите на Советот на општината, вклучувајќи ја и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, како и останатите совети, е неопходност заради вметнување на концептот на еднакви можности во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените и мажите, од урбаната и руралните средини, во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Показатели за состојбата на вклученост ќе се согледува и преку ажурирање на статистички податоци од кои ќе се воочува јазот кој постои кај жените и мажите во различни области.

### 2. Социјална заштита

Социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики е насочена кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен секој човек, а Општината го реализира со доделување на минимална парична помош преку Правилникот за утврдување на критериуми, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура. Општината во 2024 година го изготви и се усвои од страна на Советот, стратешкиот документ Социјален план на општина Свети Николе 2024-2027 кој е неопходен услов кој дава насоки како постепено да се прават промени. Општина Свети Николе има неколку локални совети кои започнаа со работа во претходната година и во текот на оваа година, ќе продолжат со конректни активности да работат на проблемите од социјалната сфера. Свесноста на мажите и жените во однос на семејното насилство и секаков друг вид на насилство е исто јаз на кој треба да се работи, а преку Комисијата за борба против насилство ќе се направат напори покоординирано и побрзо да се разрешуваат случаи на семејно насилство и секаков друг вид на насилство во општината.

**3. Економски развој**

Економскиот развој претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на еднакви можности на жените и мажите. Општината ќе се насочи кон економско зајакнување на жените и мажите преку промовирање на претприемништвото, обуки за финансиска писменост, како и средби со жителите на кои ќе се информираат за правата и услугите од социјалната заштита, условите и постапката за остварување на правата и поволностите кои ги имаат како корисници на социјална парична помош и новите мерки за вработување, мотивација на луѓето од руралните средини да не се стремат да бараат работа во урбаните средини, туку да го искористат се она што го имаат во своето опкружување.

**4. Здравство**

Здравството претставува значајна област во која е неопходно инкорпорирање на концептот на еднакви можности. Во оваа област покрај Општината ќе се вклучи и Комисијата за еднакви можности и неформалното тело за здравство, кои ќе се залагаат за подобрување на здравјето кај жените и мажите преку преземање на активности за подигање на свеста на жените и мажите за постоење на превентивни програми на локално ниво. Исто така, зависностите (дрога, алкохол, обложување) е проблем кон кој треба да се насочеме преку реализација на едукативни активности, а во предавањата да бидат вклучени стручни лица, но и полициски претставници, рехабилитирани лица, лекари и слично.

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ за 2026 година**

| **Цел 1. Воспоставување на механизми за унапредување на рамноправноста помеѓу жените и мажите во општина Свети Николе** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 1.1. Одржување на состаноци со интерсекторска група при Општината согласно креираниот план за работа за координација и размена на информации.<br>Составена е од претставници на различни сектори (урбанизам, јавни дејности, комунални дејности, образование, економски развој итн.) и е одговорна за спроведување и и мониторинг на активностите.<br>.<br>X1 – 423410=6.000 | Октомври - декември 2026 | Координаторка, КЕМ и членови на интерсекторска група, донатор | Најмалку 2состаноци годишно;<br>Записници од секој состанок со дефинирани препораки и заклучоци;<br>Најмалку 3 програми анализирани од аспект на рампоправна застапеност на жените и мажите и дадени препораки. | 6.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. Редовни состаноци на:<br>- Локалниот Совет за превенција од детско престапништво<br>- Општинскиот Совет за социјална заштита<br>- Локално економско – социјален совет | Март ,<br>мај,<br>септември<br>,декември 2026. | Координаторка, Претседатели на советите, членови на советите (ЦСР, образовни институции, полиција..) | Најмалку 6 состаноци организирани годишно (3 со секој совет);<br>Утврден план за активности и мерки за превенција за 2026 г.<br>Подготвени и усвоени 2 извештаи.<br>Зголемена координација меѓу институциите за 20% | Програма за социјална заштита и заштита на децата |
| 1.3. Иницирање на обуки за членовите на Советот на општината и за принципите на рамноправност и одговорното буџетирање | Континуирано | Координаторка, Донатор | Најмалку 20 лица обучени;<br><br>За 30% зголемено знаење за концептот на рамноправност. | Нема финансиски импликации |
| 1.4. Вклучување на жени од рурални средини во процеси на одлучување и буџетирање и идентификување на потребите и приоритетите на жените<br>Интегрирањето на жените од руралните средини во одлучувањето и буџетирањето не само што ги зајакнува индивидуално, туку и значително придонесува кон развојот на заедниците. Нивното учество може да се подобри преку систематска поддршка и создавање на инклузивни процеси за | Октомври - Ноември 2026г. | КЕМ, Координаторка, Овластено лице за работа со урбани и месни заедници ГИЖ | Најмалку 3 средби со жените од руралните средини. | Нема финансиски импликации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дијалог и решавање на проблемите. | | | | |
| 1.5. Ажурирање и анализа на полово разделена статистика како основа за следење и планирање мерки, преставува клучен чекор за информирано креирање и спроведување на политики и мерки. Преку собирање, категоризација и интегрирање на податоците ќе се препознаат нееднаквостите во различни области (вработување, плати, образование, здравство, учество во одлучување и др.) кои ќе дадат насока на подобро идно планирање. | Континуирано 2026г. | Општина, Јавни претпријатија, ЦСР, градинка, здравен дом, училишта, АВРСМ, Дом на култура | Редовно пополнување на воспоставениот систем за прибирање на полово разделени податоци на годишно ниво | Нема финансиски импликации |
| **Цел 2. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на социјалната заштита** | | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 2.1. Комисија за борба против насилство како составен дел на Општинскиот совет за социјална заштита. Комисијата е составена од членови на Советот и претставници на релевантни институции – Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи, здравствени и образовни установи, како и претставници од локалната самоуправа.<br>Во текот на 2026 година, Комисијата ќе започне со активна работа, која ќе опфати:<br>• следење на состојбата со семејното насилство на локално ниво,<br>• координација на институциите при постапување во случаи на насилство,<br>• подготовка на локални мерки и препораки за превенција,<br>• организирање на јавни кампањи и едукативни активности за подигање на свеста кај населението – 16 дена активизам против насилство. | Март , мај, септември ,декември 2026.<br><br>X1-425990=20.000<br>423410=30.000<br>421440=5.000<br>425920=5.000<br>423110=5.000 | Координаторка, Претседател и членови | Најмалку 3 состаноци организирани годишно;<br><br>Подготвен и усвоен извештај.<br><br>Зголемена координација меѓу институциите за 20% | 65.000 |
| 2.2. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи - жители на општина Свети Николе согласно Правилникот за утврдување на критериуми, | Континуирано 2026г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 400 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура бр. 0801-327 од 22.02.2023 | | | | |
| 2.3. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи – жртви на семејно насилство и секаков друг вид на насилство | Континуирано 2026г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 5 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |
| 2.4. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи – самохрани родители | Континуирано 2026г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 5 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |
| 2.5. Надоместок за партиципација на деца – бесплатна партиципација за деца на самохрани родители | Континуирано 2026г. | Општина Свети Николе, ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ | Најмалку 2 деца на самохрани родители | Програма за социјална заштита |
| 2.6. Одбележување на меѓународни денови | Во текот на 2026 | Координаторка | Најмалку 3 дена одбележани | Програма за социјална заштита |
| 2.7 Унапредување на механизми за еднакви можности и инклузивност преку подобрување на пристапноста на јавните простори и институции за жените, мажите и лицата со попреченост во Општина Свети Николе. | Во текот на 2026 | Координаторка ,сектор За урбанизам, Одделение за урбанизам | Изградени две пристапни рампи и обележани и означени две паркинг места за лица со попреченост | Програма за изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици |

**Цел 4. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на здравство**

| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ | БУЏЕТ на ОПШТИНА |
|---|---|---|---|---|
| 4.1. Активности на Неформалното општинско тело за здравство, кое преставува неформална група формирана на ниво на општина со цел превентивни активност за подигање свест на локалното население. Телото функционира како платформа за координација, размена на информации и иницирање активности поврзани со здравството. | Контунуирано 2026<br><br>X1-423410=20.000<br>425920=5.000<br>423110=5.000 | Општина, Здравствени професионалци (лекари, медицински сестри), Претставници од локални институции и невладини организации, граѓани и активисти со интерес во здравствената политика. | Формирано тело за здравство | 30.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2. Спроведување на активности/кампањи по повод месец на борба против рак на дојка и рак на простата | Октомври/Ноември 2026<br>X1-425920=10.000<br>423110=5.000<br>426990=3.000<br>425990=60.000<br>423410=15.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 50 жени опфатени | 93.000 ден |
| 4.3. Спроведување на активности за зголемување на свесноста за здравствените проблеми кај мажите и жените за дијабет и тироидна болест | Април-Мај 2026<br>X1-425920=5.000<br>425990=20.000<br>423410=15.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 50 мажи опфатени | 40.000 ден |
| 4.4. Едукацијата за превенција од зависности (дрога, алкохол, обложување) | Ноември 2026<br>X1-425920=2.000<br>425990=15.000<br>423410=5.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 30 девојчиња и момчиња опфатени | 22.000 ден |

За спроведување на наведените активности, во Програмата за социјална заштита и заштита на децата се предвидени зголемени финансиски средства, кои се во тесна корелација со Програмата за еднакви можности на жените и мажите. За останатите активности во рамки на оваа програма, ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Општината **во износ од 256.000 денари**. Дополнително, за поддршка на одредени активности, ќе бидат побарани финансиски средства од донатори.

## IV. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

За успешна имплементација на Акциониот план за 2026 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на акциониот план и неговото влијание на еднаквите можности на жените и мажите во општина Свети Николе. Основни механизми кои ќе бидат користени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Свети Николе и Координаторката за еднакви можности, која го изработи овој документ, ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели. Следењето и евалуацијата Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Свети Николе, Координаторката за еднакви можности и Одделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање ќе ја вршат преку присуство на настани организрани од страна на носителите/имплементорите на мерките, преку доставените редовни финансиски и наративни извештаи за спроведените мерки и активности. До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

**V.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.0801-96**
**26.12.2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

______________________
**Оливера Арсов**